РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12- 2552/3
03 -08- 2021

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител на продолжението на 50-тата седница одржано на ден 22.07.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

Пријавата доставена на 28.07.2020 година до Државната комисија за спречување на корупцијата врз основа на која е оформен предметот со број 12- 2552/1 од 28.07.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2552/1 од 28.07.2020 година, од причина што по друга пријава со иста фактичка состојба од ист подносител заведена со број 09-2524/1 од 23.04.2019 година ДКСК веќе постапувала и донела одлука со број 09- 1118/1 од 14.02.2020 година.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12- 2552/1 од 28.07.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот -------------------- од --------------.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за незаконитости во врска со донесување на решение за распоредување на работно место со пониско звање без соодветна постапка во Управата за јавни приходи, но преку овластување е искористен да ги врши работите и работните задачи од претходното работно место со повисок коефициент на сложеност, со плата од пониското звање. Во пријавата се наведува дека има сознанија дека тогашниот управник на РД ------------ – --------------------- самоиницијативно упатил барање за прераспоредување до УЈП – Генерална дирекција Скопје, без потпис и печат на барањето и без да биде архивирано. Со ова пријавителот смета дека тогашниот управник постапил на овој начин за да ја вработи својата ќерка која работела во УЈП на штета на неговиот личен доход односно без да ја зголеми масата на пари за личен доход да креира работно место кое ќе биде платено од таа разлика од намалените плати од вработени кои противзаконски ги

прераспоредува. По ова бил објавен јавен оглас за две инспекторски места и на тој оглас била примена --------------------------, ќерка на управникот на РД ---------, -----------------------. Сето ова било направено, како што се наведува во пријавата, за да се обезбедат парични средства за плати без зголемување на маста на пари за плати и без потпис на министерот.

По разгледување на наводите во пријавата, ДКСК констатира дека по друга пријава со иста фактичка состојба од ист подносител заведена со број 09- 2524/1 од 23.04.2019 година ДКСК веќе постапувала и на 26-та седница одржана на 07.02.2020 годин донела одлука со број 09- 1118/1 од 14.02.2020 година, па оттаму заклучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување, пријавата да се отфрли и предметот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: м-р Б.К.Ш., Советник
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**